**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**
Сектор за внатрешна контрола и професионални стандарди
Број 12- 254/1
20.01.2011 година
С к о п ј е

# И З В Е Ш Т А Ј
## *За работата на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди во 2010 година*

Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди е организациона единица во Министерството за внатрешни работи во чија надлежност е откривањето и документирањето на незаконско и непрофесионално постапување на вработените во Министерството, како и контрола на законитоста и ефикасно извршување на работите и задачите од страна на организационите единици во Министерството.

СВКПС непосредно работи на документирање на пречекорување на законските овластувања на овластените службени лица, а во тие рамки Секторот непосредно учествува во расчистување на неправилностите во работењето на припадници на МВР по добиени анонимни достави, претставки од граѓани и вработени во МВР, проверки и одговори по барања доставени од јавниот обвинител, институциите за надворешна контрола на Министерството, невладини организации и други субјекти, кои се однесуваат на незаконито и непрофесионално постапување на вработените во Министерството во вршење на службени дејства, работи по наредба на Министерот, како и податоци, информации и сознанија, кои самостојно ги прибира.

Како контролен механизам на работата на Министерството, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди и во текот на 2010 година, настојуваше да го продолжи трендот на зголемување на својата ефикасност и ефективност во работата и остварување на активностите содржани во Програмата за работа.

### Статистички показатели за работата на Секторот

Во текот на изминатата година, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди, презеде мерки за испитување на ***1261*** *(1355)*[1] ***случај*** на посочени пречекорувања на овластувања и злоупотреби на службената положба и овластување на службени лица, што претставува

---
[1] *Бројките во заградата се однесуваат на истиот период минатата година*

намалување на бројот на испитани случаи за 7,5 % во однос на истиот период минатата година.

За тие случаи, како и за случаите кои сеуште не се завршени, а се предмет на работа, во Секторот се примени 495 (493) **писмени представки од граѓани**, што е приближно на исто ниво споредено со истиот период минатата година. Намален е бројот на примени ***записници за усно поднесени претставки-256*** (262), во кои граѓаните реагираат на одредени неправилности во работењето претежно на полициските службеници. Во изминатиот едногодишен период е намален и бројот на примени ***анонимни поднесоци- 72*** (85), во кои граѓаните укажуваат на одредени неправилности во работењето на вработени лица во МВР, меѓутоа од најразлични причини не ги кажуваат сопствените генералии. За 14,9% во однос на минатата година е намален бројот на пријавите за непрофесионално и незаконско постапување на припадници на МВР ***по пријава на тел. број 199***- 168 **пријави.** Помалку од половина на вака пријавените случаи граѓаните не ги кажуваат генералиите, а и различни се видовите на злоупотреба пријавени по телефонската пријава. Од вкупно 168 телефонски пријави 73 од нив немаат основ за постапување или не се во надлежност на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди поради што и се препратени до други организациони единици во МВР за постапување.

Писмени реакции во вид на претставки жалби и поплаки против работата на вработените во Министерството за внатрешни работи се добивани и преку невладини организации, вкупно - **25** (66). Нивниот број спореден со истиот период од минатата година е значително намален- 62,1%. Повеќе од половина на добиените поднесоци од невладини организации- **11** (35) се од ***Хелсиншкиот комитет за човекови права*** во Република Македонија, една од **Коалиција за здравствени и сексуални права на маргинализирани групи**, додека останатите 13 поднесоци се од невладини организации имплементирани во ***Проектот за подршка на човековите права.*** Од овие невладини организации, најголем број претставки – **по четири** претставки се добиени од ***НВО Центар за граѓанска иницијатива, и "ARKA",*** **три претставки** се од здружението ***"Сите за правично судење"***, а останатите **две претстставки** се од ***НВО „Избор*** и **Центарот за демократски развој**. Ваквите поднесоци во најголем број случаи се однесуваат на предмети кои се повторуваат, за кои веќе од други субјекти се добиени претставки или по други основи е доставуван одговор.

Исто така, во овој период се добиени и **41** (70) поднесок од ***Народниот правобранител***, како и 23 поднесоци од ***адвокати како полномошници на граѓани***, 17 од фирми и други правни лица и др.

Покрај, добиените претставки, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди постапуваше врз основа на сопствени податоци и сознанија по добиени известувања, по наредба на Министерот, како и по барања што ги доставуваат или непосредно ги презентираат работниците на Министерството. Така, во овој период се добиени и **151** (138) ***службени материјали (сл.белешки, информации, телеграми) од организационите***

***единици во МВР*** во кои се укажува на одредени неправилности или незаконитости сторени од припадници на МВР.

Во најголем број на случаи, претставките се однесуваат на забелешки за непрофесионално постапување на овластените службени лица во смисла на непреземање на службени дејства по однос на одреден настан или се незадоволни од преземените мерки и активности, а во дел од претставките се изнесуваат забелешки по однос на изречените мерки за наплата на глоба за сторени прекршоци најчесто од ЗБПС, начинот на изготвување на записници за случени сообраќајни незгоди, незадоволство од работата на управните служби, начинот на постапување на полициските службеници при приведување и лишување од слобода и слично.

Од 1261 случаи за кои се вршени проверки, **841 се предмети кои се постапувани врз основа на добиени претставки од граѓански и правни лица** во кои се посочени неправилности извршени од страна на вработени во МВР, а останатите се по добиени известувања, сознанија и друго. Од анализа на структурата на добиени и постапени предмети по претставки од граѓани, може де се констатира дека во 555 случи наводите изнесени во претставките се ***неосновани,*** 101 случаи ***се основани,*** 94 предмети се без исход, односно ***нема доволно докази*** за да се потврдат или отфрлат наводите во претставката, 49 се ***делумно основани***, за **четири предмети** има потреба од дополнително преземање на мерки, односно **проверките продолжуваат**, за 38 случаи по извршените проверки на наводите во претставките е утврдено дека нема основ за постапување или не се во надлежност на СВКПС.

Инаку, за сите постапени 1261 предмет за сите случаи каде се утврдени одредени неправилности во работењето на припадниците на Министерството за внатрешни работи, согласно Законот за внатрешни работи, Колективниот договор на МВР и останатите правилници, од страна на СВКПС се изречени задолжителни дисциплински мерки до началниците каде се вработени службените лица кои непрофесионално и незаконски постапувале, согласно одредбите од Колективниот договор да иницираат соодветни постаки према истите.

За утврдените неправилности СВКПС против **219** (201) полициски службеници изрече задолжителна мерка за поведување на ***постапка за утврдување на одговорност пред Комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност***, од нив за **девет** (28) припадници на МВР изречена е и задолжителна мерка да бидат отстранети од работното место и Министерството- ***суспендирани*** се до завршување на постапката пред Комисија за утврдување на дисциплинска одговорност. Во текот на изминатата година од страна на Комисиите за дисциплинска одговорност завршени се 150 постапки по кои се изречени 97 парични казни, писмено предупредување за 20 лица, за четири лица е изречена мерка прераспоредување на пониско работно место (од кои за двајца распоредување на две места пониско), условно откажување на договор за вработување за две лица, а за 9 вработени е донесено Решение за

најтешката дисциплинска мерка отказ на договор за вработување, додека 23 постапки се запрени, бидејќи Комисијата утврдила нека нема повреда на член од Колективниот договор,

Покрај постапката за утврдување на дисциплинска одговорност, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди согласно подзаконските акти може да изрече и други задолжителни мерки до непосредниот старешина да ги преземе против работниците во МВР кои непрофесионално или незаконски постапувале. Така, во текот на изминатата година СВКПС изрече задолжителна мерка ***писмено предупредување*** за **161** (193) службено лице, а за **14 вработени во МВР** е изречена задолжителна мерка непосредниот старешина да покрене постапка до Министерот за внатрешни работи да биде донесено Решение за отказ без водење на постапка пред Комисијата за утврдување на дисциплинска одговрност. За две лица **раскинување на договор за вработување** поради приложена фалсификувана диплома за завршено образование, додека против **85** (91) **службени лица** е изречена задолжителна мерка покренување на постапка за утврдување на материјална одговорност за надомест на штета,

Инаку, во случаите каде се утврдени незаконитости во постапувањето на службените лица кои имаа обележје на кривично дело, од страна на СВКПС се поднесени **27 кривични пријави** против **29 вработени во МВР** и двајца граѓанин за сторени 30 кривични дела, од кои **16 кривични дела** *„злоупотреба на службената положба и овластување“*, **од кои седум** се **продолжени кривични дела** *„злоупотреба на службената положба и овластување“*, **четири кривични дела** *„употреба на исправа со невистинита содржина“* **три кривични дела** *„фалсификување службена исправа“*, **две кривични дела** *„фалсификување исправа“* **и по едно кривично дело** *„примање поткуп“*, *„оддавање службена тајна“*, *„помагање на сторител во извршено кривично дело“ и “измама“*, додека еден од граѓаните е пријавен за кривично дело *„поттикнување“*, а другиот за извршено кривично дело *„фалсификување на исправа“* заедно со полицискиот службеник.

Од вкупно пријавените службени лица, 20 се вработени како полицајци, четворица инспектори, двајца референти, еден командир, еден поранешен началник на ОКП и еден поранешен референт. Од нив, девет лица се вработени во СВР Велес-ПС за БПС Велес, четворица во СВР Скопје, тројца во Сектор за гранични работи и миграции, двајца во СВР Куманово, двајца во БЈБ- Оддел за посебни единици (ЕБР и ЕНОО), двајца во СВР Тетово, двајца во ПС за БПС Скопје, ПС Гевгелија, ПС Виница, ПС Неготино, НК за КР Кавадарци и ПС за БПС Кичево.

Покрај ова, во текот на годинава се изготвени и доставени **57** ***Посебни извештаи*** до Основните јавни обвинителства во Р.Македонија, од кои **26 се по барање на ОЈО**, а другите **31** се **Посебни извештаи за известување** на надлежниот јавен обвинител за негово понатамошно постапување.

Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди во наведениот период во еден случај ја испитуваше основаноста оправданоста и правилноста за употреба на огнено оружје, за настан случен во мај 2010 година, на подрачјето на Скопје, каде при обид за апсење на група лица, кои илегално транспортирале оружје, настанала вооружена престрелка помеѓу полицијата и вооружената група, при што биле усмртени четири лица. Врз основа на извршените проверки, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди оцени дека употребата на огненото оружје од страна на полициските службеници е основана, оправдана и правилно употребена и е во согласност со Законот за внатрешни работи и Уредбата за употреба на средства за присилба.

Во текот на изминатата година, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди постапуваше во **64 случаи** на посочени настани во кои е наведено дека од полициски службеници **е употребена физичка сила.** По преземени мерки е утврдено дека **38 поднесоци се неосновани,** во **20 случаи** поради немање на доволно докази **не може да се утврдат наводите во претставката** за употребена физичка сила, во еден случај е утврдено дека наводите изнесни во претставката се долумно основани, додека во **пет случаи е утврдено дека истата е основана**. За петте случаи каде е утврдено дека претставката е основана, односно неосновано е употребена физичка сила од полицискиот службеник, во еден случај е поднесена кривична пријава, а во еден случај Посебен извештај до ОЈО за негово запознавање и натамошно постапување, а против полициските службеници е изречена задолжителна мерка да биде покрената постапка за утврдување на одговорност за кршење на работниот ред и дисциплина до надлежната Комисија водење на дисциплински постапки, а за еден од нив е изречена и задолжителна мерка истиот да биде одстранет од работното место и Министерството до завршување на постапката. За два случаи е изречена задолжителна мерка против полицискиот службеник да биде покрената постапка за утврдување на одговорност за кршење на работниот ред и дисциплина до надлежната Комисија за отказ, а за четвртиот случај, е утврдено дека се работи за настан што е случен за време додека полицискиот службеник бил на работа, но не е поврзан со извршување на службени дејства, при што против полицискиот службеник е поднесена прекршочна пријава за физички напад, а од страна на СВКПС е изречена задолжителна мерка непосредниот старешина да покрене постапка за утврдување на одговорност за кршење на работниот ред и дисциплина до надлежната Комисија за утврдување на дисциплинска одговорност.

Во врска со добиените предмети, како за предметите за кои се вршени проверки, така и за оние предмети по кои не е вршено проверки (предмети кои се препраќани до други организациони единици за постапување или предмети за кои на граѓаните им е дадено објаснување или укажување), доставени се **901 одговори и известувања до *граѓаните***, **23 одговори до невладини организации**, **56 одговори до фирми**, **25 одговори до адвокати**, како и одговори до други субјекти правни лица.

Од вкупно примените 41 поднесоци од **Народниот правобранител, одговор е доставен на 40 претставки,** додека една претставка сеуште е во постапка за проверка и изготвување на одговор.

Инаку, за сите случаи за кои е известен Секторот дека има било какво незаконско и непрофесионално постапување спрема граѓаните од полициските службеници, Секторот без исклучок постапува и крајно професионално ги испитува сите наводи во претставките, без селективен пристап во работата, со еднаков третман кон сите граѓани, а по извршените проверки благовремено се доставуваат одговори до подносителите на претставките. Во јануари 2010 година, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди изврши измени на Правилникот за вршење на работите на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди и постапувањето по однос на претставките и предлозите го усогласи со Законот за постапување по претставки и предлози.

Како и досега, една од главните приоритети на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди беше и превентивното работење. Во таа насока, особено внимание беше посетено на: унифицирање во постапувањето на полициските службеници во одделни сегменти од полициското работење таму каде што ќе се констатираше невоедначеност во постапувањето; укажување од потребата за регулирање, усогласување или измена на одредени подзаконски акти; како и укажувања за отстранување на негативни состојби и појави кои имаат влијание врз ефикасноста на работењето на полициските службеници.

Со донесување на Законот за внатрешни работи, а имајќи ги предвид обврските кои произлегуваат од примена на член 128 од Законот (членот се однесува на односот на работниците во МВР во однос на активностите на политичките партии), Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди, кој е непосредно задолжен за доследно почитување на одредбите на овој член преземе мерки и активности за негово спроведување и доследно придржување на одредбите од истиот. Постапувањето спротивно на наведениот член, согласно Законот за внатрешни работи и новиот Колективен договор на Министерството за внатрешни работи претставува потешко кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на обврските утврдени со закон, колективен договор, правила и прописи на Министерството и договор за вработување, поради што на работникот може да му биде изречена дисциплинска мерка. При вршење на редовните контролите на Секторот врз работата на организационите единици во МВР покрај контролата на работењето во пооделни сегменти се врши и контрола на почитувањето на членот 128 став 3 од Законот.

Од донесување на Законот за внатрешни работи, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди, констатира дека четворица вработени во Министерството за внатрешни работи не се придржуваат кон одредбите од член 128 од Законот за внатрешни работи, поради што на истите им е изречена дисциплинска мерка- предупредување

за доследно придржуваат на член 128 став 1 од Законот за внатрешни работи.

Изминатата година, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди излезе на лице место, односно вршеше проверки за 172 случени **сообраќајни незгоди со возила сопственост на МВР.** Од извршените проверки е констатирано дека во два случаи кај возачите на возилата, полициски службеници е константирано присуство на алкохол во организмот, а за еден полициски службеник е утврдено дека возилото сопственост на МВР го управувал без уредно издаден налог за службено патување. За случаите каде се утврдени пропусти од страна на полициските службеници поради кои е настапена материјална штета на возилата сопственост на МВР, СВКПС до непосредните раководители каде истите се вработени изрече задолжителни мерки да бидат покренати **83 постапки за надомест на штета,** а заради управување на возилото без налогза службено патување и управување на возило под дејство на алкохол за време на извршување на службени задачи е изречена задолжителна мерка **поведување на постапка за утврдување на одговорност** пред надлежната Комисија за утврдување на дисциплинска одговорност.

Во анализираниот период, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди и понатаму продолжи со вршење на контроли во организациони единици на МВР, со цел утврдување на алкохолизираност на полициските службеници за време на работа, почитување на работното време, употреба на службени возила со уредно издаден налог за патување, почитување на член 128 став 3 од Законот за внатрешни работи и почитувањето на постапката со повикани, приведени и задржани лица во полициските станици, предвидени во стандардните оперативни процедури. Извршени се **21 контрола во сите осум Сектори за внатрешни работи и полициски станици за надворешно обезбедување на објекти и ДКП, како и контрола во сите четири Регионални центри за гранично управување. Извршено е алкотестирање на 1.149 полициски службеници, при што кај 30 лице е утврдено присуство на алкохол во организмот**. За сите лица кај кои е утврдено дека консумирале алкохол од страна на СВКПС до непосредните старешини се изречени соодветни задолжителни мерки. При контролите е константирано дека тројца од полициските службеници не се придржувале кон утврденото работно време и против истите се изречени соодветни задолжителни мерки. За едно лице кое не го почитуваше работното време и одби да биде алкотестиран е изречена задолжителна мерка поведување на постапка за утврдување на одговорност. Од извршените контроли, констатирано е пропусти во работењето на полициските службеници, односно непостапување согласно Правилникот за начинот на постапување на полициските службеници и Законот за полиција во ПС за ОН Гостивар, ПС за ОН Дебар, ПО за БПС Прилеп и ПС за БПС Штип за што СВКПС изрече задолжителна мерка поведување на постапка пред надлежната Комисија за утврдување на дисциплинска одговорност. Во ПС за ОН Штип и ПС за ОН Свети Николе констатирано е

непостапување согласно Правилникот за распределба, користење, одржување и обновување на возилата на МВР за што се изречени задолжителни мерки кои треба да се преземат за надминување на состојбите.

Во изминатиот период од годинава во повеќе наврати во континуитет, од страна на виши советници во Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди на МВР, се **извршени контроли во Одделението за управни работи** при СВР Скопје во однос на утврдување на пропустите на вработените во управните служби во однос кон странките, почитување на закажаните термини за аплицирање за издавање на јавни исправи, како и увид во организацијата на работа на шалтерите за патни исправи и лични карти. Од извршените контроли, во неколку случаи, СВКПС утврди пропусти во издавањето на готовите лични документи, односно истите се издаваат од службени лица, кои не се за тоа задолжени, без да се води евиденција кое службено лице ги зема изготвените документи од местото каде се чуваат истите и ги предава на граѓаните, а апликациите за издавање на личните документи не се одложуваат во картотеките. Заради надминување на ваквите состојби од страна на СВКПС се изречени задолжителни мерки на началникот на Одделението за управни работи-Скопје да изготви упатство-инструкција заради подобрување на квалитетот на работењето.

Врз основа на статистичките податоци и согледувањето за работата на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди може да се консатира дека со промената на методологијата на работа, вонредните активности, превентивното постапување и превземените репресивни мерки за сите случаи на констатирано незаконско и непрофесионално постапување на припадници на Министерството е зголемена професионалноста во извршување на задачите при што е намален бројот на претставки и поплаки на граѓаните, а Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди од релевантните меѓународни институции добива се попозитивни оценки за својата работа.

## Соработка со сродни служби од други држави

Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди и оваа година продолжи со активности за остварување на средби со повеќе сродни служби од другите држави, со цел размена на искуства, и примена на позитивните пракси на другите служби во работењето на Секторот.

Претставници на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди, во февруари и март годинава во Ќустендил, Р.Бугарија и во Охрид одржаа средби со претставници на Дирекцијата за внатрешна сигурност на Р.Бугарија (соодветна служба на СВКПС) и претставници на Дирекцијата на Службата за внатрешна контрола при МВР на Р.Албанија, на кои беше презентирана позиционираноста и надлежностите на службите, начините и средствата за борба против корупцијата во

Министерствата за внатрешни работи, а беше разговарано и за понатамошната соработка и можноста за потпишување на меморандум за разбирање. Изготвени се меморандуми за разбирање меѓу Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди во Министерството за внатрешни работи на Република Македонија и Дирекцијата за внатрешна контрола и Дирекцијата за професионални стандарди при Министерство за внатрешни работи на Република Албанија и меморандум за разбирање со службата за вантрешна контрола на Р Бугарија, по што очекува истите да бидат потпишани во првата половина на 2011 година.

Во организација на ОБСЕ и ИЦИТАП во Маврово во декември годинава се одржа дводневна Регионална конференција на службите на внатрешна контрола на која со свои претставници партиципираа Министерствата за внатрешни работи на Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Црна Гора, Србија, Романија и припадници на Министерството за внатрешни работи на Република Македонија.

**Кадровско екипирање на Секторот**

Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди во континуитет настојува да ги зајакне капацитетите за работа со цел спречување на било какви појави на незаконско и непрофесионално постапување вклучително и постапување на полициските службеници со кои се крши корпусот на човекови слободи и права. Во таа насока значајна улога има селекцијата и избор на професионални кадри за работа и обуките на вработените, а во фаза на донесување е и нова систематизација на работните места.

Во текот на извештајниот период, поради пензионирање Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди го напуштија тројца вработени, додека еден вработен замина на работно место надвор од Министерството за внатрешни работи. Во текот на годината по распишување на два интерени огласи беа пополнети девет работни места.

**Обуки за вработените во Секторот**

Значајно место во подобрување и јакнење на капацитетите на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди во поглед на стручно и професионално постапување на вработените во извршување на службените задачи заземаат обуките за вработените во Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди. Во текот на 2010 година обуките за вработените во Секторот се одвиваат согласно временската рамка за реализирање на планираните обуки за 2010 година.

И понатаму останува заложбата на Секторот дел од обуките да се реализираат заедно со претставници од невладините организации, канцелариите на Народниот правобранител пред се во спроведување на обуки од областа на почитувањето на човековите слободи и права на онаа

категорија на вработени полициски службеници кои најчесто доаѓаат во контакт со граѓаните при примена на полициските овластувања.

Согласно годишната програма за работа на Секторот, во јуни 2010 година во Центарот за обука на МВР, во организација на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди се одржа работилница на тема: „заштита на човековите права при примена на полициските овластувања“ на која присуствуваа припадници на Единицата за специјални задачи, Единица за брзо распоредување и Посебната мобилна единица за борба против криминалитетот, со активно учество на претставник од Народниот правобранител и НВО „Коалиција сите за правично судење“.

На 06.08.2010 година, во соработка на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди во МВР и невладината организација „АРКА“- Форум за правата на Ромите, во просториите на Единицата за брзо распоредување, лоцирани во касарната Ѓорче Петров во Скопје е одржана Работилница на тема „Заштита на човековите права при примена на полициските овластувања“, на која присуствуваа 30 полициски службеници од Одделот за посени единици на МВР, односно припадници на Единицата за брзо распоредување и Посебната мобилна единица борба против криминалот- „Алфи“,кои што при извршување на редовните задачи применуваат полициски овластувања кои задираат во човековите слободи и права.

Вработени во Секторот учествуваа на обуки организирани од ОБСЕ во соработка со МВР, со цел олеснување на процесот на имплементирање на Законот за внатрешни работи, на теми од областа на Изготвување на Стратегија, Годишен план за обука и Акционен план за спроведување на Стратегијата за обука, како и спроведување на процесите на оценување на работниците и процес на кариера на работниците. Покрај ова, двајца претставници од Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди присуствуваа на обука на тема „Важноста на програмите за справување со стрес и добра состојба“ што се одржа во одморалиштето во МВР во Охрид.

Исто така, во октомври 2010 година, вработени во Центарот за обука во МВР учествуваа на обука- „кривични дела против службената должност“.

Од 20 до 24 септември 2010 година во Центарот за обука во МВР во организација на SEKI- Центарот се одржа Регионална обука за внатрешна контрола на која покрај претставниците на 11 земји членки на SEKI, присуствуваа и претставници од Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди.

Исто така, во септември 2010 година во организација на ICITAP во Охрид се одржа петдневна обука за употреба на специјални истражни техники на која присуствуваа вработени во Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди.

Покрај горенаведените обуки, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди со свои претставници по покана од невладините организации зедоа учество на две обуки со свои предавања.

На едната обука што се одржа во септември 2010 година во Охрид, претставници на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди и полициски службеник од Полициска станица за општа надлежност „Центар“, одржаа предавање на слушатели на Школа за човекови права  на тема: „Полицијата и човековите права“. Школата за човекови права се одржа во организација на Хелсиншкиот комитет за човекови права и на истата присуствуваа 50 младинци од различни етнички заедници од сите градови на Република Македонија.

Исто така, на 15.09.2010 година, по претходно барање на Хуманитарно и добротворно здружение на Ромите „Месечина“-Гостивар, претставници на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди при МВР земаа активно учество на обуката за имплементација на Законот за спречување и заштита од дискриминација, која се одржа во Охрид во организација на Македонскиот центар за меѓународна соработка.

**Материјално и техничко опремување во Секторот**

Еден од предусловите за навременото, ефикасно и ефективно извршување на задачите на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди претставува  материјално-техничка опременост на Секторот.

Во основа, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди ги задоволува основните потреби со персонални компјутери. Со финансиска помош од страна на ИЦИТАП која започна во  2009 година, продолжи и во 2010 година со опремување на Секторот со безбедносна опрема за исполнување на мерките за физичка безбедност на просториите каде е сместен Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди.

Во 2010 година, продолжија активностите за реализација проектот на Владата на Република Македонија- „документ менаџмент систем“, со кој се овозможува електронско чување и раководење со документи за поврзување на Министерствата и другите институции во државата со цел електронска размена на информации и податоци. Отпочнати се поголем дел од активности за реализација на овој проект, со тоа што претставници на Секторот учествуваа на обука за корисници, а еден преставник од Секторот учествува  во  дел за администрирање на системот (администратор за креирање на лозинки).

Исто така, кон крајот на 2010 година, на web-страницата на Министерството за внатрешни работи  се создадени технички можности – отворен е e-mail, каде што граѓаните ќе можат по електронски пат да ги доставуваат своите преставки. Инаку, за 2011 година планирано е преку јавно промовирање истиот да се направи достапен до граѓаните за негово користење.

Како и претходните години, така и изминатата година како проблем на Секторот остана недостигот на возила. Секторот располага со шест возила кои не ги задоволуваат вистинските потреби за навремено извршување на работите и задачите. Особено проблемот со недостиг на возила се чуствува во Секторите за внатрешни работи каде се просторно сместени детешираните работници на Секторот.

## Јакнење на институционалната и меѓуинституционална соработката на Секторот со институции задолжени за борба против незаконско и непрофесионално постапување

И во изминататата 2010 година, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди продолжи со активностите за зајакнување на соработката со Одделот за организиран криминал во МВР, Основните јавни обвинителства и судовите.

Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди, во случаите кога има основано сомнение дека одреден полициски службеник или овластено службено лице е сторител на кривично дело, задолжително вршеше консултации со надлежното Јавно обвинителство. Истовремено, Секторот благовремено и сеопфатно постапуваше по сите дописи кои доаѓаат од Обвинителството и Судовите.

Во делот на меѓуинституционалната соработка, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди остваруваше соработка со Државниот инспекторат за труд, Републичкиот пазарен инспекторат, Државниот инспекторат за транспорт, како и со Одделението за професионална одговорност при Царинската управа на Р.Македонија, со цел спроведување на заеднички контроли.

Во текот на годинава, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди во координација со Државниот инспекторат за транспорт **изврши 12 контроли на наплатни станици во Републикава** со цел откривање на злоупотреба на службените легитимации и поминување на наплатни станици на вработени во МВР, без при тоа да бидат подмирени трошоците согласно Законот за јавни патишта. За време на контролата **без да платат патарина поминале 208 граѓани од кои 12 се вработени во МВР,** на кои покрај налог за наплата на глоба од страна на СВКПС е изречена задолжителна мерка против истите да биде поднесен предлог за утврдување на одговорност за кршење на работниот ред и дисциплина до надлежната Комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност.

Во текот на анализираниот период од годината, **Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди заедно со претставници од пазарната и трудова инспекција во еден наврат извршија контрола на 13 угостителски објекти (кафе барови и**

**дискотеки**) на подрачје на град Скопје, со цел откривање на припадници на Министерството за внатрешни работи, кои извршуваат обезбедување на објектите од овој вид.

При вршење на контрола од страна на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди во Полициските станици за гранична контрола, по претходен договор за соработка, во четири наврати Секторот пружи стручна помош при **вршење на контрола на инспектори од Одделението за професионална одговорност при Царинската управа** околу утврдување на присуство на алкохол кај царинските службеници, вработени во царинската служба на граничните премини каде што беше спроведувана контролата.

## Јакнење на соработката со институциите надлежни за надворешна контрола на Министерството и невладините организации

Еден од клучните приоритети на Министерството за внатрешни работи, а посебно на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди и оваа година е продожување на соработката со Народниот правобранител, Постојната анкетна комисија за заштита на човековите слободи и права во Собранието на Р. Македонија и невладините организации. Основната функција на Народниот правобранител и невладиниот сектор е да даваат правна помош и да ги штитат основните права и слободи на граѓаните во сите случаи кога тие им се загрозени, без разлика на тоа од кој орган или институција тоа се чини.

Во извештајниот период, Секторот ја продолжи својата активност за одговорно и сеопфатно информирање на Народниот правобранител и невладините организации за своите активности. И понатаму се практикуват непосредни средби помеѓу претставници на Секторот и Народниот правобранител. Сите достави од Народниот правобранител и невладините организации сериозно се земаат во постапка и во рамките на нужно неопходното време за заокружување на проверките, благовремено се одговараат.

Евидентно е дека изминатата година повеќе од половина е намален бројот на примени претставки преку Народниот правобранител и невладините организации што укажува на фактот дека граѓаните ја зголемиле довербата во Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди и непосредно се обраќаат до Секторот.

Во декември 2010 година, преставници Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди со претставници на невладината организација Здружение „Сите за правично судење“ посетија две Полициски станица од општа надлежност на подрачјето на Скопје и извршија увид врз просториите за здржување на лица како и увид во досиејата за повикани, приведени и задржани лица, а истовремено е

извршен и увид во новоизградените простории, кои сеуште не се пуштени во употреба, а работите се во завршна фаза.

Како што претходно погоре е кажано во делот за обуките во функција на транспарентното работење на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди е дел од обуките да ги реализира заедно со претставници од невладините организации и канцеларијата на Народниот правобранител, а исто така претставници од Секторот земаа учество и на предавања организирани од невладини организации на кои се дискутира за заштитата на човековите слободи и права.

**Имплементација на Антикорупциската програма**

Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди кон крајот на 2009 година во име на Министерството ја донесе Антикорупциската програма на Министерството за внатрешни работи за 2010 година, која произведува обврски за сите структури во организацијата на Министерството. Покрај, Програмата изготвен е Акциски план за нејзина реализација. Во текот на годината, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди, кој е задолжен за реализацијата на активностите на Акцискиот план ги следеше и насочуваше мерките и активностите кои се презема во таа насока. Оценка на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди е дека Антикорупциската програма на Министерството за внатрешни работи за 2010 година воглавно е реализирана согласно Акцискиот план.

Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди во текот на 2010 година согласно своите надлежности водеше постапки за утврдување на фактичката состојба во сите случаи на сомнение дека постои корупција или коруптивно однесување и таквите случаи соодветно ги санкционира. Како резултат на таквата активност од вкупно 27-те кривични пријави, 22 кривични пријави се за сторени 24 кривични дела со елементи на корупција. Од нив, најмногу-16 за кривичното дело „злоупотреба на службената положба и овластување“, три кривични дела „фалсификување службена исправа“ и по едно кривично дело „примање поткуп“, „измама“, „помагање на сторител во извршено кривично дело“, „оддавање на службена тајна“, „фалсификување исправа“.

И за оваа 2011 година, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди изготви нова Антикорупциска програма на Министерството за внатрешни работи во која се дефинирани целите и приоритетите за 2011 година со Акциски план за нејзина имплементација

Во текот на 2010 година, во Виена Австрија, Раководителот на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди, учествуваше во работата на работните тела на ЕПАК (Европски партнери за борба против корупција), која е независна и неформална организација на полициски контролни тела врз работата на полицијата и антикорупциските авторитети

на земјите на Европската унија и Советот на Европа, чиј член од 2009 година е и Министерството за внатрешни работи престставуван преку Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди.

Исто така, во март годинава, Раководителот на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди учествуваше на конференција на тема „Борба против корупцијата и најдобри практики во Европа“, што се одржа во Софија, Република Бугарија, во организација на Амбасадата на САД во РМ на која низ директен дијалог беа разработени најдобрите практики во борбата против корупцијата, а беа одржани и повеќе тркалезни маси на кои државите учеснички на конференцијата разменија позитивни искуства во борбата против корупцијата.

ПРИЛОГ: - Табеларен преглед на одредени податоци.

ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ
*д-р Анета Станчевска*

**ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД**
**на одредени податоци од Секторот ва внатрешна контрола и професионални стандарди**

**I.** Број на службени лица спрема кои се изречени задолжителни мерки од Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди по вид и години:

| | Вкупно предмети по кои е постапено | Кривично пријавени лица | Поведув. дисциплин. постапка | Писмено предупредува ње | Постап. за надомест на материј. штета | Оддале-чување од раб.место | Решение за отказ без водење дисц.пост. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2007 г. | 974 | 106 | 179 | 149 | 3 | 84 | |
| 2008 г. | 1148 | 75 | 173 | 122 | 32 | 39 | |
| 2009 г. | 1355 | 50 | 201 | 193 | 84 | 28 | 66 |
| 2010 г | 1261 | 29 | 219 | 161 | 85 | 9 | 14 |

**II.** Поднесоци против полициски службеници за употребена физичка сила.

| | вкупно поднесоци | основани | неосновани | нема докази | делумно основани |
|---|---|---|---|---|---|
| 2007 година | 61 | 9 | 33 | 19 | / |
| 2008 година | 64 | 4 | 36 | 24 | / |
| 2009 година | 79 | 6 | 37 | 36 | / |
| 2010 година | 64 | 5 | 38 | 20 | 1 |

**III.** Поднесоци од Народниот правобранител

| | Вкупно поднесоци | одговорени |
|---|---|---|
| 2007 година | 50 | 44+ (9) |
| 2008 година | 51 | 46+ (6) |
| 2009 година | 70 | 68+ (5) |
| 2010 година | 41 | 40+(2) |

**IV.** Добиени и одговорени поднесоци од невладини организации

| | примени | одговорени |
|---|---|---|
| Хелсиншки комитет | 11 | 11+(1) |
| „Арка“ | 4 | 2 |
| „Сите за правично судење“ | 3 | 3 |
| „Центар за граѓанска иницијатива“ | 4 | 3 |
| НВО„Избор“ | 1 | 1 |
| Центар за демократски развој | 1 | 1 |
| Коалиција за здравствени и сексуални права на марганализирани групи | 1 | 1 |
| Вкупно | 25 | 22+(1) |